Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 40, 17 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент од наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје биологија, биохемија и физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање предавач за наставната област логопедија на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област кинезитерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 49

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за Наставно-уметничко подрачје пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област правни науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 76

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 89

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 96

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент по група предмети од наставно-научната област теоретско-правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....100

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 104

**РЕФЕРАТ** За избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 108

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 112

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебното помагало „Практикум по механизација во земјоделското производство“ од Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје .... 115

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот Механизација во земјоделското производство од авторите проф. Д-р Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје .... 118

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ПИЈАНО, КАМЕРНА МУЗИКА И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КЛАВИШНИ ИНСТРУМЕНТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на својата седница одржана на 19.4.2010 година, донесе Одлука бр. 1902-47/3 за распишување на Конкурс за избор на наставник во звање ***доцент*** за наставно-научната уметничка област ***пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти*** (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност. На 13.5.2010 година, Наставно--научниот совет донесе Одлука бр. 1902-56/4 и Решение бр. 1902-56/12 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област *пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти* (1 извршител) на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

1. проф. д-р Милица Шкариќ, вонреден професор, вработена на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
2. доц. м-р Татјана Џорлева, доцент, вработена на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип - член;
3. доц. м-р Емилија Потевска, доцент, вработена на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип - член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ за избор на еден извршител, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 5.5.2010 година, за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти се пријавија следниве кандидати:

1. **Ангеле Михајловски,** магистер по пијано;
2. **Марија Максимова,** магистер - насока Методика на пијано.

Критериумите за избор во наставник во сите звања, наведени во Конкурсот, беа следниве: кандидатот треба да има завршено соодветно високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

– Пријава;
– диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд;
– кратка биографија;
– потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– список на објавени научни и стручни трудови;
– уверение за државјанство.

**Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:**

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистерски труд | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови/ концерти (член 127) | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М-р Ангеле Михајловски | има | има | има | има | има | има |
| М-р Марија Максимова | има | има | има | има | наведен е магистерскиот труд, концерти детално не се наведени | има |

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Ангеле Михајловски** е роден на 15 октомври 1982 година во Охрид, Р. Македонија. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, во класата на проф. Јасминка Бикова -Стојанова. Дипломира пијано во класата на проф. м-р Стела Слејанска на Факултетот за музичка уметност во Скопје, со просечен успех 8,96.

Во март 2010 година, магистрира пијано кај проф. Стела Слејанска на истиот факултет и се стекнува со научен назив – **магистер по пијано**, со просечен успех 9,20.

***Наставно-образовна дејност***

Од септември 2005 до јуни 2007 година, м-р Ангеле Михајловски е вработен во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, како наставник по пијано со корепетиција. Неговиот професионален ангажман опфаќа настава по пијано во основните и средните одделенија, и уметничка соработка на пијано во класите по труба, флејта и хорна. Со учениците од овие класи настапува на бројни концерти и натпревари во земјава и во странство, при што некои од учениците се здобиваат и со награди.

Од јуни 2007 година се вработува како асистент по пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Штип. Во овој период м-р Ангеле Михајловски, совесно и квалитетно ги извршува своите работни обврски и изготвува пет интерни скрипти од вежби за предметот Пијано 1, 2, 3, 4, 5, кој се слуша на Одделот за музичка теорија и педагогија.

Во периодот од октомври 2007 до септември 2008 година држи вежби на Педагошкиот факултет по предметот Музички инструмент и помага во изведувањето на испитите по овој предмет и предметот Основи на музичко образование и воспитување со методика. За квалитетно изведување на вежбите по предметот Музички инструмент, м-р Ангеле Михајловски изготвува две наставни помагала во електронска форма (ЦД и ДВД), со цел на студентите да им се олесни совладувањето на содржините по овој предмет.

Во служба на наставно-образовната дејност, м-р Ангеле Михајловски е ангажиран како член во повеќе комисии при Факултетот за музичка уметност.

М-р Ангеле Михајловски од септември 2007 до денес е одговорно лице за одржување и обновување на информациите на интернет страницата на Факултетот за музичка уметност. Кандидатот м-р Ангеле Михајловски има учествувано во повеќе образовни РТВ емисии, со цел да се афирмира музичката уметност во Р. Македонија.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Кандидатот м-р Ангеле Михајловски има реализирано повеќе целовечерни солистички концерти, како и заеднички настапи со други уметници. Од целовечерните солистички концерти се издвојуваат следниве:

- пијано рецитал, „Штипско културно лето“, јули 2001 год.;
- пијано рецитал, „Струшко културно лето“, јули 2003 год.;
- пијано рецитал, „Струшко културно лето” јули 2004 год.;
- пијано рецитал, август 2005 год. - Охрид;
- пијано рецитал, септември 2005 год. - Штип;
- пијано рецитал, септември 2005 год. - ФМУ Скопје;
- пијано рецитал, Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ - Неготино, јули 2007 год.;
- пијано рецитал, Центар за култура „Григор Прличев“ - Охрид, август 2007 год.;
- пијано рецитал на фестивалот „Охрид те сакам“ - Охрид, јуни 2009 год.; - настап на промоцијата на книгата „Македонскиот јазик, наше најголемо богатство“, ноември 2009 год.;
- пијано рецитал ФМУ - Скопје, јуни 2009 год.;
- пијано рецитал ФМУ - Скопје, март 2010 год.

Од заедничките концертни настапи се наведуваат следниве:

- концерт на „Musica viva“, ФМУ - Скопје, октомври 2002 год.;
- концерт во „Салон 19,19“, ноември 2003 год.;
- настап на „Денови на македонска музика 2003“, март 2003 год.;
- концерт во организација на Француски културен центар, Сули ан, јуни 2004 год.;
- концерт на „Musica viva“ со класата по ударни инструменти, ФМУ - Скопје, декември 2004 год.;
- „Новогодишен концерт“ на студентите од класата на проф. Стела Слејанска, Штип, декември 2004 год.;
- концерт на победниците на натпреварот во Скопје, ФМУ - Скопје, април 2006 год.;
- концерт хармоника и пијано, ФМУ Скопје, јуни 2006 год.;
- настап на Меморијалниот концерт во чест на Симеон Савев, Безистен - Штип, јуни 2007 год.;
- Концерт во Центар за култура „Григор Прличев“ - Охрид, дуо пијано -труба, јуни 2007 год.;
- рецитал хорна и пијано, ФМУ - Скопје, јуни 2007 год.;
- настап во Манастирот „Св. Петка“ во с. Велгошти, Охрид, по повод јубилејот 20 години од смртта на Живко Чинго на манифестацијата „Вечер на Живко Чинго“, август 2007 год.;
- настап на „Божиќниот концерт“, Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ - Неготино, јануари 2008 год.;
- настап на Годишниот концерт на ФМУ - Штип, дуо флејта - пијано, заедно со флејтистот Дарко Митев, јуни 2008 год.;
- настап по повод почетокот на студиската 2008/2009 година во Центарот за култура „Ацо Шопов“ - Штип, октомври 2008;
- концерт за пијано и оркестар, декември 2009 год., ФМУ, Скопје.

Освен богатата концертна дејност, м-р Ангеле Михајловски учествува на повеќе семинари и мастер-курсеви од областа на пијанизмот кај реномирани музички педагози.

Учесник е и добитник на повеќе награди на државни и меѓународни натпревари, меѓу кои:

- Втора награда, Скопје, 2001 год.
- Трета награда Интерфест - Битола, 2002 год.
- Специјална награда на државен натпревар - Скопје, 2003 г. и други.

Во табелата на  активности кои се бодираат при изборот во звање се наведени само активностите кои се извршени во периодот од првиот избор на кандидатот асс. м-р Ангеле Михајловски, односно од 3 јуни 2007 до 11 мај 2010 година.

| Реден број | Наставно - образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 5. | Интерна скрипта од вежби | 5 x 2 = 10 | |
| 7. | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) | 2 x 6 = 12 | |
| 10. | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 4 x 0.5 = 2 | |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | 4 + 4 = 8 | |
| | Вкупно | **32 од потребните 30 поени** | |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6. | Музички настапи на официјални концерти (целовечерни) | 6 x 3 = 18 | |
| 7. | Музички настапи на официјални концерти (заеднички) | 8 x 2 = 16 | |
| 10. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| 13. | Учесник во научен проект | 2 | |
| | Вкупно | **40 од потребните 38 поени** | |

| Реден број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 15. | Техничко унапредување | 2 | |
| 29. | Член на факултетски орган, комисија | 3 x 2 + 2 x 2 = 10 | |
| | Вкупно | **12 од потребните 7 поени** | |

Вкупен број на поени: 84 од потребни 75 поени за избор во звање доцент.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Максимова** е родена на 11 март 1976 година. Основно музичко училиште завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип. Средно музичко училиште завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, во класата по пијано на проф. м-р Стела Слејанска.

Во 1999 година дипломира пијано во класата на проф. м-р Стела Слејанска на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во 2010 година ги завршува успешно со висок просек постдипломските студии на насоката Методика на пијано под менторство на проф. д-р Ана Гацева на Факултетот за уметности на Државниот универзитет во Тетово.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката м-р Марија Максимова во периодот од 1997 до 1998 година работи во ОМУ „Панче Пешев“ во Куманово. Од 1998 година до денес е вработена во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, како наставник по пијано, камерна музика и корепетиција. Во периодот од 2008 до 2009 година е демонстратор на Факултетот за уметности на Државниот универзитет во Тетово.

Нејзината повеќегодишна педагошка дејност како наставник по пијано вродува со повеќе освоени награди на натпревари на нејзините ученици и тоа:

- две први награди на Државниот натпревар по камерна музика во Скопје;
- четири втори награди на интернационални натпревари, од кои три на натпреварот „Даворин Јенко“ во Белград и една на натпреварот „Петар Илич“ во Аранѓеловац, Србија;
- шест трети награди, од кои две на државни натпревари во Битола и четири на интернационални натпревари во Србија, Косово и Македонија;
- четири пофалници, од кои една на државен натпревар и три на интернационални натпревари во Косово, Србија и Македонија.

Во 2010 година педагошките успеси на м-р Марија Максимова, придонесоа да таа се здобие со **диплома за остварени високи педагошки резултати** на Меѓународниот натпревар во Ниш (Р. Србија) во дисциплината *пијано*.

Во 2010 година м-р Марија Максимова е член на жири на Државниот натпревар по пијано.

Во периодот од 2005 до 2008 година, м-р Марија Максимова остварува активности за развој на средното образование под организација на УСАИД (Американска асоцијација за помош) во соработка со Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

М-р Марија Максимова се здобива со четири сертификати и тоа:

- Сертификат за изучени нови методи за интерактивна настава;
- Сертификат за обука на фасцилитаторски вештини;
- Сертификат за успешно завршување на Семинар за менторство на наставници;
- Сертификат за успешно завршување на обука на наставници „Интеграција на информациска и комуникациска технологија во биографија“.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од 1987 година до денес, м-р Марија Максимова е учесник на семинари по музика кај врвни музички пијанисти и педагози во земјава и во странство.

Од 1997 година до денес е учесник на семинарите на ЕПТА (Европска асоцијација на музички педагози).

Од 1998 до денес, м-р Марија Максимова е музички соработник или корепетитор на пијано на многу истакнати инструменталисти од земјава и од странство. За жал, во доставените документи не е наведено колку концерти досега има реализирано и не се доставени концертни програми како доказен материјал, поради што е невозможно да се наведе вкупниот број на освоени поени за концертна дејност.

| **Реден број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 19. | Раководител на ученик во учество на ученичка манифестација (награди и пофалници на натпревари) | 8 | 18 |
| 20. | Член на комисија на ученички натпревар | 0,5 | |
| | Вкупно | **26,05 од потребни 30 поени** | |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 11. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| | Вкупно | **4 од потребни 38 поени** | |

| Реден број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 19. | Стручни награди и признанија (Диплома за остварени високи педагошки резултати од Ниш, Србија) | | 8 |
| | Вкупно | **8 од потребни 7** | |

Вкупен број на поени: 38,05 од потребни 75 поени за избор во звање доцент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на м-р Ангеле Михајловски детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање доцент, наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот, за време на неговиот тригодишен ангажман, како асистент по предметите: *Пијано, Камерна музика и Методика на наставата по клавишни инструменти* на Факултетот за музичка уметност покажа исклучително совесно работење при извршување на сите зададени задачи. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажува способности за развивање на наставно-образовната дејност, стручно-уметничките активности преку активно концертирање и организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Кандидатката м-р Марија Максимова, преку наведените активности, несомнено покажува високо развиени способности и вештини за извршување на квалитетна наставно-образовна дејност. За жал, поради немање точно наведен број на концерти и концертни програми како доказен материјал во приложените документи, невозможно е да се има детален увид во стручно-уметничките активности на кандидатката. Ние, како Рецензентска комисија, сметаме дека лицата кои треба да бидат бирани во звање доцент по стручно-уметнички предмети, освен способноста за наставна работа, треба да покажат и валидно документирана концертна дејност. Заедно со концертната дејност, цениме и доколку кандидатот приложи објавени книги или трудови во признати списанија во земјава и во странство, што за жал во оваа кандидатура не беше приложено.

Поради претходно наведеното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да го избере м-р Ангеле Михајловски во доцент за наставно-научната уметничка област *пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милица Шкариќ, претседател, с.р.**
**Доц. м-р Татјана Џорлева, член, с.р.**
**Доц. м-р Емилија Потевска, член, с.р.**